Врз основа на членот 47 став 3 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на РМ“ бр. 19/95), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА ПОВИКУВАЊЕ И АНГАЖИРАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на повикување и ангажирање на припадниците на резервниот состав на Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството) во услови на воена или вонредна состојба.

Член 2

Припадниците на резервниот состав на Министерството учествуваат на вежби и други форми на.стручна обука организирани од страна на Министерството.

Во услови на воена или вонредна состојба припадниците на резервниот состав на Министерството се ангажираат во извршување на определени работи и задачи од надлежност на Министерството, заради заштита на безбедноста на Република Македонија или одржување на јавниот ред и мир кога е нарушен во поголем обем.

Член 3

Повикувањето на припадниците на резервниот состав на Министерството на вежба или друга форма на стручна обука, или за извршување на работи и задачи во случаите од член 2 став 2 на овој правилник, го врши Министерството со поединечна или групна покана.

Поединечната покана за вежба или други форми на стручна обука се доставува на припадникот на резервниот состав на Министерството во писмена форма, на образец со димензии 210 х 150 мм и со содржина утврдена во образецот број 1, кој е составен дел на овој правилник.

Поединечната покана за вежба или друга форма на стручна обука Министерството ја доставува на припадниците на резервниот состав согласно прописите за доставување на писмена во управната постапка, најдоцна 15 дена пред денот на отпочнување на вежбата или другата форма на стручна обука.

Поединечната покана за мобилизација се доставува на припадниците на резервниот состав на Министертвото во писмена форма, на образец со димензии 210 х 150 мм и со содржина утврдена во образецот број 2, кој е составен дел на овој правилник.

Поединечната покана за мобилизација Министерството ја доставува согласно начинот на повикување утврден во документите за употреба на системот за одбрана на Република Македонија.

Општата покана се доставува преку средствата за јавно информирање, јавни плакати и други средства, во текот на денот определен за повик за ангажирање на припадниците на резервниот состав на Министерството, со можност за повторување до третиот ден од денот определен за повик.

Член 4

Учеството на вежби и други форми на стручна обука припадниците на резервниот состав на Министерството можат да го одложат поради:

- болест на припадникот на резервниот состав;
- полагање на испит;
- смрт, тешка или заразна болест, елементарна непогода и други несреќи во семејството;
- неодложни потреби на Министерството односно претпријатието или другото правно лице каде припадникот на резервниот состав на Министерството е во работен однос;
- неодложни работи во земјоделството или при самостојното вршење на дејност со личен труд, доколку со нивното одлагање ќе биде предизвикана материјална штета во поголем обем;
- бременост на сопруга и породување;
- чување на дете помало од 7 години;
- однапред организирано и платено туристичко патување во странство;
- вршење на службени и слични работи во странство.

Барањето од ставот 1 на овој член припадникот на резервниот состав на Министерството го поднесува до организационата единица на Министерството што го повикала, во рок од 3 дена по приемот на поканата.

Кон барањето припадникот на резервниот состав на Министерството приложува потребни документи за докажување на оправданоста на причините за одлагање.

По барањето од став 1 на овој член одлучува министерот за внатрешни работи или од него овластен работник.

Член 5

Припадникот на резервниот состав на Министерството кај кого настанала промена од значење за извршување на обврската за служење во резервниот состав, како промена на личното име и живеалиштето, здравствената состојба, степенот на образование, вработување и престанок на работен однос, престој во странство подолго од 40 дена или вработување во странство, потребно е да ги пријави на Министерството во рок од 8 дена по настанувањето на промената.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 12-495/1 | Министер |
| 1 февруари 1996 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | д-р **Љубомир Фрчкоски,** с.р |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Образец бр. 1

МИНИСТЕРСТВО ЗА
ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

______________________________

(организациона единица)

______________________________ година

## П О К А Н А

______________, роден на ______________ г.
(име, татково име, презиме)

со живеалиште во ________, ул.________бр.________

Се повикувате да се јавите во ________, на ден ________

година во _____ часот, ПОРАДИ ______________

______________________________

Со себе да понесете: ______________

______________________________

НАПОМЕНА: Во случај на спреченост потребно е да го известите Министерството за внатрешни работи во рок од 3 дена по приемот на поканата.
Неотповикувањето на оваа покана согласно членот 70 од Законот за одбрана, повлекува одговорност согласно членот 124 став 1 точка 2 од истоимениот закон.

М.П.

ОВЛАСТЕН РАБОТНИК

______________

## П О Т В Р Д А

Јас ______________________ потврдувам
(име, татково име, презиме)

дека на ден ______________________ година,

во ______ часот, примив покана за ______________

ПОКАНАТА ЈА ВРАЧИЛ ______________

ПРИМИЛ ______________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Образец бр. 2

МИНИСТЕРСТВО ЗА
ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

______________________________

(организациона единица)

______________________________ година

## П О К А Н А
за мобилизација

______________, роден на ______________ г.
(име, татково име, презиме)

со живеалиште во ________, ул.________бр.________

домашен телефон ________, вработен во ________

________, телефон на работа ________

Се повикувате ВЕДНАШ да се јавите во ______________
Со себе да понесете: ______________

______________________________

НАПОМЕНА: Неотповикувањето на оваа покана согласно членот 70 од Законот за одбрана, повлекува одговорност согласно членот 124 став 1 точка 2 од истоимениот закон.

М.П.

ОВЛАСТЕН РАБОТНИК

______________

## П О Т В Р Д А

Јас ______________________ потврдувам
(име, татково име, презиме)

дека на ден ______________________ година,

во ______ часот, примив покана за мобилизација
за ______________________________

ПОКАНАТА ЈА ВРАЧИЛ ______________

ПРИМИЛ ______________